РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 35 став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), општина Гази Баба-Скопје, Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 11, Општина Гази Баба – Скопје**, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

**ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА**

По **Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт СИ 11, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од **20.15 ха,** со следните граници :

**На северозапад**, границата на плански опфат се движи по оска на собирна улица „Индустриска 2", на **североисток** по оска на собирна улица „Индустриска 1", **на југоисток** по осовина на магистрална улица „Пролетна офанзива", а на **југозапад** се совпаѓа со осовина на регулација на корито на река Вардар (граница на опфат на ГУП на град Скопје).

**Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 11, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Маџари", во рок од 8 работни дена и тоа почнувајќи од 02.01.2024 год. до 12.01.2024 год., секој работен ден од 8.00 часот до 16.00 часот.

Повторната **Јавна презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 11, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **12.01.2024** год (Четврток) со почеток во **10.00** часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во повторната Јавна анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Маџари".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови.

Бр. **28-3/256/25**
од 25.12.2023 година
Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бобан Стефковски